# ТЕХНИЧКИ ОДРЕДБИ

## За натпреварувањата во КОШАРКАРСКИОТ КУП

## „БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ БУШТУР“

## Сезона 2023/24 година

1. Формирање на двојки:

1.1. Согласно членот 1.6 од Правилникот за натпреварувањата во Кошаркарскиот Куп на РСМ, „Благоја Георгиевски Буштур“, двојките за натпреварите се утврдуваат врз основа на пласманот на екипите од тековната натпреварувачка сезона, по завршувањето на првиот дел, односно после 11 одиграни кола во Првата лига - мажи.

2. Технички комитет:

2.1. Техничкиот комитет се одредува за секое КУП и турнирско натпреварување под покровителство на КФСМ. Овој комитет се состои од три члена и тоа:

1. Комесарот за натпреварување,
2. Генералниот секретар, како претставник на КФСМ,
3. Претседателот на здружението на екипите од Првата лига мажи, како претставник од клубовите.

Ако натпреварувањето се одржува во два или повеќе града истовремено, ќе се именува истиот состав на членови, или нивни полномошни членови.

3. Задачи на техничкиот комитет:

3.1. Проверка на салата, опремата и уредите согласно ФИБА кошаркарските правила.

3.2. Ги одредува термините за натпреварите и евентуална нивна примена, согласно потребите за ТВ и слично.

3.3. Ги делегира официјалните лица на натпреварите (делегати, судии и помошни судии).

3.4. Регистрирање на натпреварите.

3.5. Разгледува и донесува одлука за жалба во прв степен.

3.6. Одредува казни за играчите, тренерите, помошните тренери, службените претставници како и за службените лица (делегати, судии и помошни судии) кои што ги прекршиле кошаркарските правила, пропзициите за натпреварување, правилник за натпреварување и дициплинскиот правилник на КФСМ.

3.7. Доколку некој од прекршоците не е регулиран со актите на КФСМ ќе се применат актите на ФИБА.

3.8. Одредува казни за неспортско однесување пред и по завршетокот на натпреварот.

3.9. Проверка на примената на регулативите за употреба на рекламите.

3.10. Членовите на техничкиот комитет своите одлуки ќе ги донесуваат врз база на делегатските извештаи како и од лично присуство на натпреварите, видео снимки од натпреварите, согласно актите на ФИБА и ФИБА Европа.

3.11. Работата на техничкиот комитет завршува со одредување на завршниот распоред на натпреварувањето и изготвување на завршен билтен.

3. Комисија за жалби:

4.1 Комисијата за жалби се одредува пред почетокот на секој турнир, од страна на комесарот за натпреварување. Оваа комисија се состои од:

1. Претседател на комисијата,
2. Двајца членови,
3. Двајца заменици на членовите

4.2. Задачи на Комисијата за жалби:

4.2.1. Решава по одлуките на Техничкиот комитет во втор степен доколку постапи по жалба на истите.

4.2.2. Одлуките на Комисијата за жалби се конечни.

4.2.3. Доколку при донесување на одлуката некој од членовите е инволвиран во постапката истиот ќе биде заменет со нов член од двајцата заменици.

5. Жалба:

5.1. За време на Куп и турнирски натпреварувања под покровителство на КФСМ, доколку една од екипите вложи жалба на натпреварот постапката е следна:

5.1.1. Капитенот на екипата која се жали мора веднаш по завршетокот на натпреварот да го извести делегатот дека неговиот клуб ќе вложи жалба на натпреварот и со својот потпис во просторот на записникот (потпис на капитенот во случај на жалба) истата ја најави.

5.1.2. Да достави на делегатот кусо објаснување за наводите за жалбата најдоцна дваесет (20) минути по завршување на натпреварот, исклучиво на пропишан образец НАТ-2. Притоа, службените лица на натпреварот (судии и делегат) даваат мислење за основаноста на жалбата, а по барање на Техничкиот комитет и дополнителен извештај, во обата случаи на образец НАТ-3.

5.1.3. Клубот мора најдоцна еден (1) час по завршетокот на натпреварот да достави уплата или да остави депозит на пропишаната такса во висина од 10.000,00 ден.

5.1.4. Клубот може (но не мора) да достави и дополнение на жалбата, но не подоцна од еден (1) час по завршетокот на натпреварот, но притоа во него може да се дообјаснат само веќе спомenатите наводи од жалбата дадени на делегатот на натпреварот.

5.1.5. Жалба која не е најавена со потпис на капитенот, ниту пак е доставена благовремено на делегатот од натпреварот, како и жалба за која не е уплатена пропишаната такса во утврдениот рок, нема да биде земена за разгледување.

5.1.6. Постапувајќи по жалба на натпревар, Техничкиот комитет може жалбата да ја усвои, или да ја одбие.

5.1.7. Кога жалбата ќе биде усвоена, Техничкиот комитет ќе наложи натпреварот да се доигра, или преигра, или ќе го регистрира со службен резултат 2:0, кога за тоа ќе бидат исполнети условите пропишани во Пропозициите, Правилникот за натпреварување или Службените кошаркарски правила. Уплатената такса нема да биде вратена на клубот.

5.1.8. Кога жалбата ќе биде одбиена, Техничкиот комитет го регистрира натпреварот со постигнатиот резултат.

5.1.9. Одлуката по жалба на натпревар, Техничкиот комитет мора да ја донесе најдоцна до три (3) часа по завршување на натпреварот.

5.1.10. На одлуката на Техничкиот комитет, дозволена е жалба до Комисијата за жалби, која се поднесува најдоцна до 2 часа по приемот на одлуката.

5.1.11. За жалбата до Комисијата за жалби, подносителот е должен да уплати такса, или да остави депозит, чиј износ е во висина од 10.000,00 ден.

5.1.12. Комисијата за жалби својата конечна одлука мора да ја донесе два (2) часа по приемот на жалбата од страна на клубот.

5.1.13. Доколку Комисијата за жалби ја прифати, или одбие жалбата, постапката ќе биде иста како и одлуката да ја донел Техничкиот комитет.

5.1.14. Секаков вид на снимки, слики или друга опрема нема да се користи за промена на резултатот на натпреварот. Ваквата опрема е валидна за одредување на одговорноста, односно дисциплината на сите учесници на натпреварот или едукација откако натпреварот е завршен.

Скопје, сезона 2023/24 година

Претседател

Перо Антиќ